Уп. бр. 08-23

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Дуферко Италија Холдинг С.п.А., со регистрирано седиште на Виа Армандо Диаз, 248, 25010 Сан Зено Навиљо (БС), Италија, доставено преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 25.02.2025 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Дуферко Италија Холдинг С.п.А., со регистрирано седиште на Виа Армандо Диаз, 248, 25010 Сан Зено Навиљо (БС), Италија ќе стекне единствена контрола над Комал С.п.А. со регистрирано седиште на Страда Статале Аурелиа, КМ 113, 00195 Монталто ди Кастро (ВТ), Италија, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 23.01.2025 година, а дополнето на ден 24.01.2025 година и 27.01.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Дуферко Италија Холдинг С.п.А., со регистрирано седиште на Виа Армандо Диаз, 248, 25010 Сан Зено Навиљо (БС), Италија со која Дуферко Италија Холдинг С.п.А., ќе стекне единствена контрола над Комал С.п.А. со регистрирано седиште на Страда Статале Аурелиа, КМ 113, 00195 Монталто ди Кастро (ВТ), Италија, преку купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**Дуферко Италија Холдинг С.п.А.** е дел од групацијата Дуферко. Дуферко Италија Холдинг С.п.А., е предмет на управување и координација на Дуферко Партисипејшнс Холдинг СА. Активностите на Дуферко Италија Холдинг С.п.А., се состојат од управување со корпоративни холдинзи. Со текот на годините, Групацијата Дуферко ги диверзифицираше своите деловни области како што се енергијата, логистиката, транспортот и животната средина. Групацијата Дуферко е глобално активна меѓународна групација со повеќе од сто оперативни канцеларии низ целиот свет. Групацијата Дуферко моментално е структурирана во четири клучни дивизии (енергија, челик, транспорт и иновации).

Групацијата Дуферко го има следното зависно друштво во Северна Македонија:

Друштво за трговија и услуги Дуферцо МК ДОО Скопје, со седиште на бул. Свети Климент Охридски 52/1-2, Скопје, Центар, Северна Македонија и со главна дејност - купопродажба на електрична енергија (трговија на електрична енергија).

Групацијата Дуферко исто така генерира ограничен промет во Северна Македонија и преку нејзиното претпријатие-ќерка Дуферко Хелас СА (*Duferco Hellas SA*), лоцирано во Грција и истото е активно во трговијата на големо со електрична енергија.

-**Комал С.п.А.** е главно активно во областа на фабричко инженерство за производство на енергија од соларни извори и е специјализирано за изградба на фотоволтаични системи на земја. Комал С.п.А. им нуди на своите клиенти приспособени решенија и ги надгледува сите фази на проектот по идентификацијата на локацијата и добивањето на потребните административни одобренија.

Конкретно, Комал С.п.А. гради фотоволтаични постројки речиси исклучиво во Италија со формулата EPC-M (Инженерство, купопродажба, изградба и управување) дефинирана во договор. Покрај изградбата, Комал С.п.А. се занимава и со фазата O&M (Стопанисување и одржување), водејќи сметка за одржување, функционалност, производствени перформанси и надзор против упад. Комал С.п.А. е исто така активно во производството и маркетингот на соларни тракери (подвижни структури за поддршка фотоволтаични модули) целосно дизајнирани, произведени и склопени во сопствена фабрика, кои исто така се продаваат на самостојна основа речиси исклучиво во Италија.

Како резидуална активност, Комал С.п.А. врши и планирано одржување на опремата и машините во електрани кои произведуваат енергија од конвенционални извори (главно термоелектрични централи).

Комал С.п.А. не е присутно ниту генерира промет во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека

пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**